РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Врз основа на член 28 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Закон за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), се доставува

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP
Примено / Pranuar: 10.08.2022
Орг. единица Njësia org.: 11 | Број Numër: 3108 | Прилог Shtesë: 1 | Вредност Vlerë:

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

**1. Програмскиот надзор се врши како:** <u>редовен</u>

**2. Субјекти на надзорот:** Трговско друштво за производство, трговија и услуги АЛТРА - САТ 2000 ДООЕЛ Охрид

**3. Датум на извршување на надзорот:** 08.08.2022 година.

**4. Предмет на надзорот:**

Надзорот се врши врз исполнувањето на обврските утврдени во следните членови од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Закон за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21):

4.1. член 64 став 2 – „Доколку програмските сервиси што се реемитуваат преку јавни електронски комуникациски мрежи се титлуваат на јазик различен од јазикот на кој оригинално се произведени, мора да бидат титлувани на македонски јазик, или на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија, освен телешопингот и рекламите“.

4.2. член 141 став 13 – „Доколку Агенцијата врз основа на извршен програмски надзор согласно со овој закон утврди дека оператор реемитува програмски сервис кој не е регистриран согласно со овој член, Агенцијата во рок од седум дена од извршениот програмски надзор ќе донесе решение со кое ќе му наложи на операторот веднаш да го исклучи реемитувањето на програмскиот сервис“.

**5. Претходно изречени мерки:**

Решение за јавно опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмските сервиси (Уп.1 бр.11-80 од 18.03.2022 година), со кое на операторот му се наложува веднаш по приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно да престане да ги реемитува програмските сервиси без регулирани авторски и сродни права.. Решението е донесено врз основа на Писмен извештај за извршен редовен програмски надзор бр.11-989/1 од 14.03.2022 година.

Решението е уредно примено на 21.03.2022 година.

Решение за јавно опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмските сервиси (Уп.1 бр.11-210 од 11.07.2022 година), со кое на операторот му се наложува веднаш по приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно да престане да ги реемитува програмските сервиси без регулирани авторски и сродни права.. Решението е донесено врз основа на Писмен извештај за извршен вонреден програмски надзор бр.11-2724/1 од 06.07.2022 година.

Решението е уредно примено на 13.07.2022 година.

**6. Констатации од надзорот:**

При извршениот програмски надзор не се констатирани прекршувања.

**Одделение за заштита на авторски права, Сектор за стратешко планирање и авторски права**